Бр. Уп.1.20-2
Берово, 15.04.2024 г.

ОПШТИНА БЕРОВО
Одление за урбанизам
Димитар Влахов 10
2330 БЕРОВО

тел. 033/471-057
лок.107

so.berovo@t-home.mk
www.berovo.gov.mk

Врз основа на член 62 став 10, а во врска со член 58, став 2, од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 32/2020 и 111/23), член 22 став 1 точка 1, член 63 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со Предлогот од Извештајот за Мислење на Комисијата за урбанизам при Општина Берово, во постапката за Одобрување на Урбанистичкиот проект, Градоначалникот на Општина Берово, донесува:

# РЕШЕНИЕ

***за одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за разработка на КП 1419/1 и КП 1420/1, КО Берово, со дефинирање на градежна парцела на простор кој со ГУП е планиран за Стопански и Индустриски намени, ОПШТИНА БЕРОВО***

1. **СЕ ОДОБРУВА „УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за разработка на КП 1419/1 и КП 1420/1, КО Берово, со дефинирање на градежна парцела на простор кој со ГУП е планиран за Стопански и Индустриски намени, ОПШТИНА БЕРОВО"**, со **Тех. бр. 051-20/2023,** изработена од **„МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Битола,** со **Стручна ревизија на УП**, со **Тех. бр. 03-04/20224,** изработена од **"ИДЕА-КОНСАЛТИНГ" ДООЕЛ Струмица,** од Инвеститор **ЈАГОДА КАЦАРСКА од Берово**.
2. Урбанистичкиот Проект со Тех.бр. 051-20/2023, станува основа за изработка на техничка документација при издавање на Одобрение за градба.
3. Оваа решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во „Службен гласник" на Општина Берово.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

До Општина Берово, преку електронскиот систем за Е-Урбанизам, од страна на ДТГУ "МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Битола, како полномошник на инвеститорот ЈАГОДА КАЦАРСКА од Берово, е поднесено барање за одобрување на Урбанистички проект за разработка на КП 1419/1 и КП 1420/1, КО Берово, со дефинирање на градежна парцела на простор кој со ГУП е планиран за Стопански и Индустриски намени, Општина Берово, архивирано во Општина Берово со бр. Уп.1.20-2 од 10.01.2024 год.

Со барањето за одобрување, е приложено: Извод од ГУПна Берово со бр. 20-2081/2, Ажурирана геодетска подлога – DWG и PDF формат, со бр. 0807/23-88/3 со известување за електронска заверка од АКН бр. 1110-20/2023 од 05.06.2023 г., Проектна програма со Тех. бр. 051-20/2023 од 06/2023 г, Стручна ревизија на Урбанистичкиот проект со тех.бр. 03-04/20224, Полномошно за апликација преку системот за Е-урбанизам за ДТГУ "Матески Архитекти" ДООЕЛ Битола заверено на нотар Емилија Георгиева Аџиска од Берово со бр. УЗП 1149/2023 од 08.06.2023 г.

По спроведената законски предвидена постапка, на ден 05.04.2024 год. Планската документација беше проверена од Комисијата за урбанизам при Општина Берово, и согласно член 62, став 10, од Законот за урбанистичко планирање, истата изготви Извештај за Мислење со бр. Уп.1.20-2 од 05.04.2023 год., со кој го Одобрува доставениот предлог "УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за разработка на КП 1419/1 и КП 1420/1, КО Берово, со дефинирање на градежна парцела на простор кој со ГУП е планиран за Стопански и Индустриски намени, Општина Берово", со Тех. бр. 051-20/2023 од Јуни 2023 год, изработен од ДТГУ "МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Битола и предлага на Градоначалникот да го одобри со Решение.

Доставениот предлог Урбанистички план, е изработен врз основа на условите и параметрите од ГУП на Берово, услогласено со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање од член 82 од Правилникот за урбанистичко планирање, согласно потребите на инвеститорот и сопственик на парцелите во опфатот за кој се прави разработка на планот, а врз основа на член 58, став 2, од Законот на урбанистичкото планирање, и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, во однос на содржината и начинот на изработка на Планската документација.

Решавајќи го Барањето, поднесено од МАТЕВСКИ АРХИТЕКТИ од Битола, како полномошник на инвеститорот ЈАГОДА КАЦАРСКА од Берово, за одобрување на планската документација, а врз основа на дадениот предлог од Комисијата, со бр. Уп.1.20-2 од 05.04.2024 год, Градоначалникот на Општина Берово, одлучи како диспозиривот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

*Изготвил/Одобрил:*
*Догазански Мишо, дги*

**ОПШТИНА БЕРОВО**
*Градоначалник:*
**ЗВОНКО ПЕКЕВСКИ**